Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 мај 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на ЈПКПУР ИСАР ПО Штип УП2 09-91/26 од 12 февруари 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_17_202600125_18 од 26.01.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_17_202600125_18 од 26.01.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

ЈПКПУР ИСАР ПО Штип до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-91/26 од 12 февруари 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_17_202600125_18 од 26.01.2026 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), издадено поради фактот што предметната фотонапонска електроцентрала (понатаму: ФЕЦ) не е вклучена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти (понатаму: ГП).

Се работи за фотонапонска електроцентрала со инсталирана моќност од 229,62 kW.

Според Електродистрибуција – Во приклучните трафостаници ТС 110/35/10 kV Штип 2 и ТС 110/35/10 kV Штип 1 повеќе од една година не се издаваат решенија за приклучок на дистрибутивни производители поради исполнетост на капацитетите на енергетските трансформатори.

Согласно на важечката законска регулатива сите дистрибутивни производители и уреди за складирање на електрична енергија мора да бидат влезени во годишните планови 2025 или 2026 година на Министерството за енергетика за да можат да добијат приклучок. По извршената проверка е утврдено дека фотонапонската централа на барателот не е дел од овие планови. Исто така побараната

моќност на барателот со барањето за приклучок не соодветствува со моќноста наведената во основниот проект.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 3 април 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на приговор УП2 09-91/26 од 13 февруари 2026 година со прилог:
   - Приговараното Решение
   - Слика од Барање за согласност за приклучување
   - Еднополна шема
   - Имотен лист
   - Основен проект
   - Тековна состојба на Друштвото
   - Приговор

На седницата се заклучи Приговорот повторно да се разгледува на седница на Комисијата за приговори за електрична енергија.

Во меѓувреме, на 23 април 2026 година од страна на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје беше доставена информација дека жалителот нема прикачено Одобрение за градење на предметната електроцентрала кон Барањето за согласност за приклучување.

На 24 април 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно, член 87, став (13) точка 1) од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ бр. 101/25 и 135/25), Министерството во соработка со операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем во Годишниот план за изградба на енергетски објекти определува начин на приклучување на енергетските објекти за секоја поединечна инвестиција прифатена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти.

Согласно член 299 став (1) од Законот за енергетика - енергетските објекти за кои е добиено:
- одобрение за градење и Решение за согласност за приклучување на преносната или дистрибутивната мрежа или
- овластување за изградба на нови енергетски објекти, согласно Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) или друг закон, во рок не подолг од 120 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон се сметаат за објекти опфатени односно вклучени во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025 година и најдоцна до 15 ноември 2025 година може да поднесат барање за овластување до Министерството.

Предметниот објект не е опфатен со горенаведениот член 299 став (1) поради фактот што за истиот не е обезбедено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, односно барањето за издавање на решение за согласност за приклучок е поднесено на 25 јануари 2026 година.

Во врска со фактот што во постапката не е доставено одобрението за градење, а имајќи ги предвид горенаведените факти, Регулаторната комисија ценеше дека би било беспредметно предметот да се враќа на повторно разгледување и одлучување пред првостепениот орган на оваа околност, бидејќи нема да влијае врз одлучувањето.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–91/26**
**7 мај 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**